**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.1 2210 Пробиштип*
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Бр. 10–937/8 од 29.10.2021 год.**
Пробиштип

Врз основа на член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20 год.), Градоначалникот на Општина Пробиштип, на предлог на Комисијата за урбанизам формирана од страна на Градоначалникот на Општина Пробиштип со Решение Бр. 08-394/1 од 30.03.2021 год., за одобрување на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2159 и дел од КП 2157/1 и 2158 КО Добрево - Општина Пробиштип**, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2159 и дел од КП 2157/1 и 2158, КО Добрево-Општина Пробиштип**

1. **СЕ ОДОБРУВА** Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2159 и дел од КП 2157/1 и 2158, КО Добрево-Општина Пробиштип, со Тех.Бр. 322/21, септември 2021 година.
2. **Вкупната површина во рамките на планскиот опфат изнесува П= 0,90 ха.**
3. **Составен дел на ова Решение е Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2159 и дел од КП 2157/1 и 2158, КО Добрево-Општина Пробиштип, со Тех.Бр. 323/21, септември 2021 год.,** изработен од страна на правното лице Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ТЕКТОН" ДООЕЛ - Скопје, а истиот го одобрува Градоначалникот на Општина Пробиштип надлежен за одобрување на урбанистичко –планската документација, врз основа на Мислењето за одобрување на урбанистичкиот проект, со Бр.10-937/7 од 29.10.2021 год. од страна на Комисијата за урбанизам.
4. **Геодетски елаборат за посебни намени за ажурирана геодетска подлога, КО Добрево, Општина Пробиштип** за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2159 и дел од КП 2157/1 и 2158, КО Добрево-Општина Пробиштип, со Бр.08-277/4 од 03.08.2021год., изработен од Трговско друштво за геодетски работи „ГЕОДЕТ" ДООЕЛ - Радовиш.

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.1 2210 Пробиштип*
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
[www.probistip.gov.mk](http://www.probistip.gov.mk) [info@probistip.gov.mk](mailto:info@probistip.gov.mk)

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за урбанизам формирана од страна на Градоначалникот на Општина Пробиштип со Решение Бр. 08-394/1 од 30.03.2021 год., даде **Мислење за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2159 и дел од КП 2157/1 и 2158, КО Добрево-Општина Пробиштип,** Бр.10-937/7 од 29.10.2021 год., со предвидена класа на намена:

- Е-ИНФРАСТРУКТУРА

Во границите на планскиот опфат планирана е **1 градежна парцела** со следните основни класи на намена:
**-Е-Градби од нискоградбата-инфраструктури:**

- **Е1-Сообраќајни, линиски и други инфраструктури;**
- **Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани;**

со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РСМ" бр.225/20 год.).

**Градоначалникот го разгледа Мислењето на Комисијата за урбанизам за одобрување на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2159 и дел од КП 2157/1 и 2158, КО Добрево-Општина Пробиштипи и констатира дека истата е во согласност со Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РСМ" бр.32/20 год.) и Правилникот за урбанистичкото планирање („Сл.весник на РСМ" бр. 225/20 год.).**

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Изготвил: Ј.Дукоска диа — Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska — Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska Date: 2021.11.03 08:34:59 +01'00'
Одобрил: Б.Станојковски дги

Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski — Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski Date: 2021.11.03 12:26:04 +01'00'

**М.П.**

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Градоначалник**
Драган Анастасов

Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov — Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov Date: 2021.11.05 09:32:15 +01'00'